Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-115/3
05-03-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-115 од 23.1.2024 година, поднесена од [redacted] од Крушево за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-115 од 23.1.2024 година, поднесена од [redacted] од Крушево **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 23.1.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација врз основ на национална или етничка припадност во областа на работата и работните односи.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беа наведени податоци за лицето против кое е поднесена претставката и не беше образложено со кое дејствие подносителката била дискриминирана во однос на описот на настанот, на 29.1.2024 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе ги наведе потребните податоци за лицето против кое се поднесува претставката, а во однос на описот на настанот – да ги наведе сите информации за околностите и фактите врз кои се темели претставката и дејството со кое подносителката смета дека е дискриминирана.

Подносителката на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
5.3.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]